Македонски центар за европско образование / Macedonian Centre for European Training

Регионален центар за одржлив развој Кратово

*Проект: "Подршка за вработување на младите во Кратово"*

# Резултати од истражување за потребите и проблемите на локланиот пазар на труд во Кратово

**Кратово,**

**Мај 2016г.**


CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

Македонски центар за европско образование | Macedonian Centre for European Training

Регионален центар за одржлив развој Кратово

# СОДРЖИНА:

**Предговор.......................................................................................3**

**Методологија...................................................................................4**

**Резултати од истражувањето.........................................................5**

**Заклучоци.........................................................................................23**

**Препораки........................................................................................24**



CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

# Предговор:

Проектот "Подршка за вработување на младите во Кратово" е проект на „Регионалнлниот центар за одржлив развој" од Кратово, подржан од Македонски Центар за Европско Образование (Имплементатор на Акцијата TEUCSO).

Проектот е насочен кон подобрување на состојбата за вработување на младите во Кратово со цел намалување на миграцијата, преку истражување на моменталната состојба на пазарот на труд на локално ниво.

Општа цел на проектот е забавување, односно намалување на трендот на миграција на младите преку зголемување на можностите за нивно вработување во Кратово. Специфични цели се: зголемување на информираноста на младите за потребите на локалниот пазар на труд, поттикнување на младите за отпочнување на сопствен бизнис во Кратово и вклучување на младите за креирање на мерки за вработување на младите.

Еден од приоритетните проблеми на општина Кратово е невработеноста на младите луѓе. Во последните десетина години општина Кратово се соочува со рапидно и масовно иселување на луѓето од сите возрасти, а најмногу младите луѓе, со цел потрага по стабилно и добро платено работно место. Резултат на оваа тенденција е намалување на природниот наталитет и запуштени населени места.

Постои несоодветната едукација на младите во однос на побарувачката на парот на труд. Ова значи дека младите луѓе својот избор на студии и школи за студирање не го базираат на реалната потреба од образовни профили на пазарот на труд на локално ниво, туку најчесто врз основа на своите желби и интереси. Овој момент резултира со суфицит на одредени кадри, многу млади луѓе со одличен успех на завршени додипломски и постдимлоски студии без работа.

Друга причина за невработеноста на младите во Кратово е незаинтересираноста на младите за започнување на сопствени бизнис идеи. Во Кратово постои недостиг на обуки за младите кои би ги зголемиле нивните работни вештини.

Невработеноста на младите во Кратово е веќе препознаено од страна на Советот на младите во Кратово и младинската вработеност е еден од стратешките приорите во Локалната младинска стратегија 2015 – 2020.



Citizens for change!

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

# Методологија

Методологијата на истражуавањето беше дизајнирана така што ги опфаќаше дел од приватните фирми и јавните институции во Кратово, како директни учесници на пазарот на труд и дел од младите од младите луѓе од Кратово, како потенцијални, односно идни учесници на пазарот на труд.

Предмет на истражувањето беше односот на желбите за студирање и работа кај младите луѓе од Кратово со реалните потреби на пазарот на труд во Кратово, со цел да се дојде до една јасна слика за јазот меѓу нив како потенцијална причина за невработеноста во Кратово.

Параметри на кои се даде акцент во истражувањето беа: суфицитарните и дефицитарни образовни профили и дејности на пазарот на труд во Кратово, просперитетни професии во иднина, педизвиците, третманот во процесот на барање работа и вработување, како и реалните проблеми и предизвици на веќе вработените лица во Кратово.

Истражувањето траеше од 21 март – 20 април 2016 г. и истото се спроведе преку два вида анкетни прашалници: едниот наменет за претпријатија и институции во Кратово, а другиот прашалник наменет за младите. Вториот анкетент прашалник беше објавен и онлајн со користење на алатката Google Form. Анкетирањето главно беше спроведено теренски по случаен избор, додека онлајн прашалникот беше објавен на веб страната на здружението „Регионален центар за одржлив развој“ – Кратово (www.regionalencentar.org.mk) . Дел од анкетите наменети за млади, беа спроведени во СОУ „Митко Пенџуклиски“ – Кратово. Со помош на раководството на училиштето и персоналот, беа анкетирани сите ученици од 4-та година. Вака поставената методологија и пристап на истражување резултираше со вкупно **38 одговорени анкетни прашалници од страна на претпријатијата и јавните институции – П/ЈИ** (од кои во 72% од нив се вработеи млади лица до 31г.) и **85 одговорени прашалници од страна на младите на возраст** од 16 – 31 г.

Во продолжение се резулатите од одговорите, прикажани вкрстено одговорите од двата прашалника.


CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

# Резултати од истражувањето

- Истражувањето покажа дека најголемиот дел младите во Кратово студирале висока школа, односно планираат да студираат. При тоа, поголемиот дел од нив, односно 58% од младите, својот избор на студии го основаат на својата наклонетост кон соодветните судии, а 27% ги избираат студиите врз основа на просперитот кој го ветуваат во моментот.

***Графички приказ на односот на младите кои избираат да студираат наспорти останатите:***




***Графички приказ за начин на избор на студиите:***



- Најголемиот дел од младите кои студираат, ги имаат изберно, односно во иднина ќе изберат да студираат: информатикчки науки и компјутерски инженериг (17%), економски (13%), право (13%), филолошки (10%), медицина (8%), туризам (5%), архитектура (5%),технички науки (5%), безбедност (3%), природно-математички науки (3%), дизајн на облека (3%), психологија (3%), новинарство (2%), градежен (2%), педагошки (2%), стоматологија (2%), физиотерапевтсво (2%), фитомедика (2%), криминалистика (2%).

- Најголемиот дел, т.е. 80% од младите кои студираат, односно студирале се оптимисти со очекувања дека ќе најдат работа според образованието, но според резултатите од истражувањето, нивните очекувања не се поврзани со Кратово, затоа што 82% од младите одговориле дека не би сакале да живеат во Кратово.

***Графички приказ на односот на очекувањта на млабите за вработување и желбата за останок во Кратово:***






CIVICA MOBILITAS
Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

- Запрашани зошто младите не би сакале да живеат во Кратово, повеќето од нив одговорија дека во Кратово нема иднина и просперитет (34%) или дека нема работа (34%). Останатите делат мислење дека во Кратово нема можности за градење успешна кариера, нема доволно луѓе, платите се мали, условите за живот се лоши, постојат олигарси или, пак, нема претпријатие каде би работеле според нивниот образовен профил.

- Иако 20% од младите би сакале да живеат во Кратово, сепак на долгорочен план, само 7% од младите себеси се гледаат во Кратово по 10 години, додека сите останати надвор од Кратово со тоа што дури 68% од младите се гледаат надвор од државата.

***Графички приказ на автоперцепијата на младите по 10 години:***



- Од резултатите на истражувањето се гледа дека тенденцијата на иселување на младите луѓе не е најнова. Резултатите говорат дека секој млад човек познава најмалку 20 лица кои веќе се иселиле од Кратово.

***Графички приказ на автоперцепијата на младите по 10 години:***



- Главна причина за иселување на луѓето, вклучувајќи ги и младите, е работата. Дури 67% од младите одговорија дека немањето работа, односно наоѓањето подбра работа е причината за иселување на луѓето од Кратово.

***Графички приказ на причините за иселување на луѓето од Кратово:***





CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

- Состојбата на вработување, пак, кај приватните претпријатија и јавни институции во Кратово во последните 3 годиини, најчесто варирала од година во година (кај 36% од нив варира, кај 27% било во пораст, кај 27% во опаѓање, додека кај 10% немало вработувања, односно, била исто).

- Претпријата и јавните институции во Кратово, најмногу имаат потреба, односно вработуваат лица со средно стручно образование, а потоа економисти и правници. Но, во моментот на испитувањето, кај 42% од претпријатијата и јавните институции постои дефицит од човечки ресурси. Кај поголемиот дел, односно кај 58% од нив, не постои дефицит на човечки ресурси.

***Графички прикази на состојбата и потребата од вработувања во Кратово:***






CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

***Графички приказ на потребните образовни профили во П/ЈИ во Кратово:***






- Младите, кои живеат и работат во Кратово, воглавно (46%) се вработени, односно се вработуваат во јавната администрација, а помал дел (35%) се вработени во приватни претпријатија.

***Графички приказ на односот на секторите каде се вработени младите во Кратово:***



- И младите и П/ЈИ се согласуваат дека вработувањето во Кратово се врши преку врски. Разликата е во тоа што оваа перцепција е посилна кај младите за разлика од претпријатијата и јавните инстутуции, кои за разлика од младите сметаат дека е значјано и видот на образованието, како услов да едно лице биде вработено. Дел од претставниците на претпријатијата и јавните институции одговориле дека партиската припадност исто така има влијание при вработувањето во Кратово.

***Графички приказ на односот на перцепцијата на младите и П/ЈИ за условите за вработување во Кратово:***






CIVICA MOBILITAS
Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

- Главни проблеми за работа во Кратово се малите плати и недостигот од работа. 41% од претпријатијата и јавните институции сметаат дека немањето, односно недостигот од работни места во Кратово е најголем проблем, а 37% одговориле дека малите плати се најголемиот предизвик за работа во Кратово. Поинаков е соодносот на ставовите на младите: 43% од нив одговориле дека главен проблем се малите плати, а 35% сметаат дека недостигот од работа е најголем проблем.

***Графички приказ на односот на перцепцијата на младите и П/ЈИ за проблемите за работа во Кратово:***





CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

- Според младите во Кратово, лицата кои водат сопствен бизнис се борат за опстанок, или остваруваат не толку голем приход, но доволен за пристоен живот. Најмал дел од младите (29%) сметаат дека претприемачите во Кратово се успешни.

***Графички приказ на перцепцијата на младите за малите претприемачи во Кратово:***





CIVICA MOBILITAS
Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

- Слични одговори на ова прашање, дадоа и претставниците од претпријатијата и јавните инсттуции, според кои најголемиот дел (77%) од локалните претприемачи се борат за да опстанат.

***Графички приказ на перцепцијата на П/ЈИ за малите претприемачи во Кратово:***





CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

- Истражувањето покажува дека 80% од младите во Кратово би сакале да основат сопствен бизнис. При тоа, помал дел од нив, односно 60% се информирани за постојните државни мерки за самовработување, а 52% од нив би биле корисник на некоја од тие мерки.

***Графички приказ за интересот на младите за основање сопствен бизнис:***



- И младите и претпријатијата/јавните институции се сложни околу ставовите за тоа кои услови се потребни за да еден приватен бизнис во Кратово биде успешен. Според нив поседувањето на голем капитал е за нијасна побитно од иновативната, односно одлична идеја за работа. Мал дел од испитаницигте одговорија дека покрај ова, за успешен бизнис е потребно добар стандард кај локалното население, среќа, способност, упорност и многу работа.

***Графички приказ на перцепцијата на младите и П/ЈИ за условите за успешен бизнис:***



- Според најголемиот дел од претставниците на претпријатијата и јавните институции во Кратово, на дефицитарни образовни профили во однос на потребите на пазарот на труд во Кратово, постои дефицит од сите профили по малку, но сепак значителен дел од нив истакнуваат дека постои потреба од машински инжењери, медицински лица, земјоделски инжењери, архитекти и информатичари.  Додека, правниците и еконимистите се обележани како суфицитарни образовни профили за потребите на пазарот на труд во Кратово.

***Графички прикази на дефицитарни и суфицитарни образовни профили во Кратово:***





CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.


12
10
8
6
4
2
0
Суфицитарни образовни профили
Правници
Економисти
Педагози
Доктори
Оштествени науки
Ветеринарен техничар
Сите
Нема
Не знам

- Во однос на најбараните професии во наредните професии, и младите и претставниците на претпријатиата и јавните институции се согласуваат дека најбарани професии во иднина ќе бидат програмерите, компјутерските инжењери, електро и машински инжењери, како и медицинските лица. За останатите професии, постои несогласност во ставовите меѓу едните и другите испитаници.



- Во однос на услугите и дејностите кои недостигаат во Кратово, претставниците на претпријатијата и јавните институции ги имаат посочено следните:

  Банка (2%), судски преведувачи (2%), адвокати (6%), туристичко биро (4%), рекреативни услуги (2%), лекари (2%), геодези (2%), месарници (6%), слаткарници (4%), пензионерски дом (6%), хуманитарни дејности (2%), IT компанија (2%), радио станица (2%), занаетчиски дејности (лимари, саатчии, клучари, автосервиси и др) (25%), културни дејности (6%), дискотеки (2%), игротеки (6%), цвеќара (2%), продавница за брендирана облека (1%).

# Заклучоци

Главните заклучоци од истражувањето се:

- Младите во Кратово, својот избор на работа, односно студии не го базираат на потребите н пазарот на труд во Кратово, туку на своите желби, што не значи дека е погрешен чекор. Најголемиот дел од нив се определуваат за факултети за информатика и компјутерски инжењеринг, право, економија и филологија. Додека, пак, според претрпијатијата и јавните институции, најголема потреба во Кратово постојат од занаетчиски дејности и производствени дејности.

- Вработувањето во Кратово кај поголемиот дел од претпријатија и јавните иниституции варира од година во година. Сепак младите луѓе во Кратово најчесто се вработуваат во јавната админстрација, а помал дел во приватниот сектор. Заеднички момент за вработувањата во Кратово, како во јавен, така и во приватен сектор, е вработувањето преку врски.

- Најголемиот проблем за работа во Кратово се недостигот од работа и малите плати. Токму тоа е главната причина за иселување на младите од Кратово. Во текот на следните 10 години се очекува над 60% од младите да се иселат не само од Кратово, туку и надвор од Р.Македонија во потрага по подобар просперитет.

- Приватните претприемачи во Кратово се на работ на опстанокот на пазарот. Сепак, младите луѓе се заинтересирани за отпочнување на сопствен бизнис. Поголемиот дел од нив се запознаени со државните политики за самовработување, но не сите би сакале да станат корисници на една од државните мерки, што може да укажува на фактот дека не доволно се запознаени со овие мерки. Главен услов за да се успее со сопствен бизнис се капитал, одлична идеја, но и упорна работа и добар стандард на локалното население.

- Во однос на потребите на пазарот на труд во Кратово, постои дефицит од сите профили по малку, но меѓу другите најмногу постои потреба од машински инжењери, медицински лица, земјоделски инжењери, архитекти и информатичари. Додека, правниците и економистите се одбележани како суфицитарни образовни профили за потребите на пазарот на труд во Кратово.



CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

# Препораки

Врз основа на резултатите и заклучоците на истражувањето, следните препораки би можеле да се применат на локално ниво од страна на сите засегнати страни (општина, Агенција за вработување на РМ, јавните институции, граѓански организации, Локален совет на млади и приватни претрпијатија), со цел подобрување на состојбата:

- Да се прават почесто истражувања на локалниот пазар на труд и истите да бидат презентирани пред учениците во средното општинско училиште, додека траат презентациите и промоциите на одредени факултети,
- Промена на навиките и подигање на свеста за вработување при што најмалку ќе зависи од врски, а најмногу од кфалификациите на кандидатите,
- Почитување на законските норми за заштита на правата на работникот, во однос на висина на плата, плаќање доприноси, обезбедување на соодветни услови за работа, како и почитување на работното време,
- Поттикнување и подржување на дејностите на приватните претприемачи, во насока на заштита и развој на локалната економија, која пак ќе резултира со отварање на нови работни места,
- Привлекување на инвестициски ангажмани на поголеми претприемачи за отпочнување на производствени дејности во Кратово, со цел  отварање на нови работни места,
- Истражување и поттикнување за започнување на дејности на локално ниво, кои ќе бидат пласирани и надвор од Кратово,
- Органзирање на информативни средби и обуки на тема претприемништво, наменети за млади,
- Креирање на акциски планови за вклучување на младите на пазарот на труд на локално ниво,
- И на крај, соработка на сите засегнати чинители на локално ниво за решавање на проблемот на вработување во Кратово, а преку него намалување на миграциите на младите надвор од Кратово и државата.


CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!
Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.